Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-296/4
21-07-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 296/1 од 17.05.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted], за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, етничка припадност, личен и општествен статус, родов идентитен во областа на јавно информирање и медиуми врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 21.07.2022 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ и ПОВИКУВАЊЕ, ПОТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет сторено од [redacted], врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

## Образложение

На 17.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против [redacted] за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, етничка припадност, личен и општествен статус, родов идентитен во областа на јавно информирање и медиуми врз ЛГБТИ+ заедницата.

Од содржината на претставка произлегува дека [redacted] на социјалната мрежа "Facebook", од својот профил објавил статус со следната содржина:

„Od 2 peaci do sea na evrovizija, 1 peder... odlicen pederski prosek od 50%.", која текстуална содржина е во контекст на европската музичка манифестација – Евровизија 2022. Наведената објава понатаму била предмет на коментари и реакции од страна на останати корисници на социјалната мрежа. Дополнително, [redacted] под својата објава напишал коментари: „Aaa eve use edno pederce so zuto balonce" и "Aaaa eve sea po dve pedercinja pocnaa da izlagaat – odlicno Italija".

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7, во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 23.05.2022 година

испрати Известување бр. 08-296/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted]

На 15.06.2022 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување, како одговор на претставката од [redacted] преку полномошници адвокат [redacted] и адвокат [redacted].

Во произнесувањето се наведува дека содржината на текстот го изразува мислењето во врска со претставниците на Евровизија и не е насочена кон ЛГБТИ заедницата, со што содржината на објавата преку претставката е извадена од контекст и прикажана во негативна конотација.

Согласно своите законски надлежности, имајќи ги предвид фактите на случајот, содржината на приложената објава и коментари на објавата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот, констатирајќи дека е исполнета законската дефиниција за вознемирување од член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека [redacted] со објавување на гореневедениот статус и коментари на социјалната мрежа "Facebook", кои продуцираат вознемирувачка содржина, сторил вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми спрема ЛГБТИ+ заедницата.

Не отстранувајќи ја вознемирувачката објавата од својот профил, овозможил останати корисници на социјалната мрежа да реагираат и објавуваат коментари. На тој начин поттикнал коментари со вознемирувачка содржина на својот профил, со што ја исполнил законската дефиниција за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација од член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа."*

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

# ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] да ја отстрани објавата која продуцира вознемирување од својот профил на социјалната мрежа "Facebook" и јавно да се извини за вознемирувачката објава кон ЛГБТИ+ заедницата. Јавното извинување потребно е да го објави на својот профил, на социјалната мрежа "Facebook" **во рок од 30 дена од прием на мислењето и препораката и за истото да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] во иднина да се воздржи од објавување на содржини кои продуцираат вознемирување во јавниот, медиумски простор врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет или било која од дискриминаторските основи наведени во Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и од активности со кои се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ќе го следи спроведувањето на препораката до нејзиното исполнување. Доколку лицето кон кое е упатена препораката во законски предвидениот рок не постапи по истата, Комисијата согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
21.07.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

По овластување на претседателот,
Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]